**КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**
**"ВОДОВОД " - КОЧАНИ**

# ИЗВЕШТАЈ

**За финансиското работење во период од 01.01 до 31.12.2024 год.**

**Декември 2024 год.**
**Кочани**

КЈП " Водовод " Кочани како единствено Комунално Јавно Претпријатие во Општина Кочани ги обавува целокупните комунални дејности на подрачјето на општината.За обавување на целокупната дејност претпријатието е организирано во седум сектори кои функционално се надополнуваат во своите дејности и овозможуваат континуирано и квалитетно извршување на комуналните дејности.

**Организационите работни единици се :**

1. ***Сектор "Водовод и Канализација "***
2. ***Сектор"Комунална Хигиена "***
3. ***Сектор"Геотерма "***
4. ***Сектор "Градско Зеленило и гробишта "***
5. ***Сектор "Финансиско и комерцијално работење"***
6. ***Сектор "Општи и правни работи"***
7. ***Сектор " ИТ и развој ".***

За обавување на комуналните дејности во наведените сектори се ангажирани просечно 188 работника во постојан работен однос, додека просечниот број на времено ангажирани работници е 61 .

**I.Преглед на вработени по степен на образование и Сектор со 31.12.2024 год.**

**Табела 1**

| **Ниво на образование** | **Менаџмент** | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | **СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА** | **СЕКТОР ГЕОТЕРМА** | **СЕКТОР ЗА ИТ И РАЗВОЈ** | **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ** | **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ** | **СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** | **СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво I - завршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 3 | 0 | 26 | 5 | 46 |
| Ниво II - завршено двегодишно средно стручно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| Ниво III - завршено тригодишно средно стручно образование или четиригодишно образование за лица со посебни потреби | 0 | 0 | 0 | 7 | 1 | 0 | 2 | 1 | 6 | 2 | 19 |
| Ниво IV - завршено четиригодишно образование (гимназиско, техничко, уметничко или друго) или петгодишно образование | 0 | 0 | 0 | 32 | 5 | 0 | 9 | 19 | 6 | 7 | 79 |
| Ниво VA - завршени кратки стручни студиски програми во високо образование (стекнати 60 или 120 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| Ниво VIБ - завршени тригодишни додипломски студии (стекнати 180 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Ниво VIA - завршени четиригодишни додипломски студии (стекнати 240 кредити ЕКТС) | 2 | 1 | 0 | 5 | 1 | 4 | 2 | 5 | 1 | 2 | 23 |
| Друго | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 |
| Незавршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **2** | **1** | **1** | **60** | **7** | **4** | **17** | **27** | **42** | **20** | **181** |

Просечен бруто личен доход по работник во 2024 год.за период од 01.01 до 31.12 изнесува 43.169,00 ден. спореден со 2023 год. кој изнесува 338.139,00 ден., додека Нето-личен доход по работник во 20234год. за извештајниот период изнесува 28.956,00 ден. спореден со 2023 год. кој изнесува 25.383,00 ден.ден.

## II. Остварени финансиски резултати во деловната 2022 и 2023 година

Во своето работење во 2022 год. КЈП " Водовод " има постигнато позитивен финансиски резултат односно загуба од **68,913,137,00** денари а во 2023 година има постигнато загуба од **59.661.057,00** денари**.**

**Табела 2**

| Ред. Број | Биланс на Успех | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| 1 | **А.ПРИХОДИ** | **255.385.775,00** | **228,787,443,00** |
| 2 | **Б.РАСХОДИ** | **324.730.671,00** | **293,091,712,00** |
| 3 | **В.Бруто добивка/загуба** | **-69,344,916,00** | **-64.304.268,00** |
| | **-данок од добивка** | **0,00** | **0,00** |
| | **-непризнаени расходи за даночни цели** | **431,779,00** | **4.643.211,00** |
| | **-нето добивка/загуба** | **-68,913,137,00** | **-59.661.057,00** |

# Планирани активности и реализација на деловни резултати во 2024

Деловната 2024 година е година во која активностите ќе бидат насочени кон реализацијата на годишните програми донесени од Советот на Општина Кочани , оперативните програми за работа на КЈП “Водовод” и од законските решенија кои го детерминираат работењето во комуналните дејности.

Во **Секторот ,, Водовод и канализација“**во четвртиот квартал на деловната 2024 година извршена е санација и изведени нови и реконструирани водоводни линии на повеќе улици во Општината.

Изработка за на фонтани и градежно уредување на земјиштето околу фонтаните.

Градежни активности во уредување на нов парк во Стришани пред зграда.

Извршена е поправка на шахти за фекална канализација и решетки на повеќе локации во Општината.

Во овој квартал поставени се 4 капаци на шахти за фекална канализација.

Оделението за одржување на водоводната мрежа вршеше континуирано и навремено санирање на настанатите дефекти на водводните линии.

На повеќе локации во градот се изврши санација со бетонирање по поправката на водоводни и канализациони дефекти.

Со специјалните возила Канал џет и џет трејлер се продолжи со континуирано чистење на преливниците во градот и критичните канализациони линии. Исто така континурано се врши и чистење на колекторскиот систем.

Како и во претходните квартали така и во овој квартал во бунарскиот систем во ПС Грдовци во тек е и реализацијата на планот за добивање на додатен проток од постоечките бунари, во тек се активности за поставување на потопен пумпен агрегат во Б14 со моќност од 5,5 kW каде се очекува добивање на додатен проток од 10 л/с, а кога ќе заврши активноста со поставување на потопниот пумпен агрегат во Б14 ќе започнат активностите за прочистување на линијата на Б24.

Во ПСОВ Мојанци се продолжи со процесот на преработка на отпадната вода како и на производство на електрична енергија, а се продолжи со процесот на пробно производство на компост. За ново поставената фотонапонска централа во ПСОВ Мојанци со капацитет од 560 kW наскоро се очекува да се добие лиценца.

Фабриката за вода продолжи со тековна работа за континуирано следење на СКАДА системот и на исправноста на водата за пиење. За новата фотонапонска централа од 210 kW поставена на кровот на Фабриката за вода се чека добивање на лиценца за работа.

Во Секторот ,,**Комунална хигиена''** во периодот од 01.10-31.12.2024 год. реализирано е следното:

Се постапуваше по програмата за јавна чистота усвоена од Советот на Општина Кочани. Редовно се вршеше метење на јавни површини, улици и паркинзи дефинирани со програмата за јавна чистота. Секој четврток се вршеше метење на градскиот пазар, по негово завршување. Дивите депонии постојано се чистат со градежна механизација.

Собирањето на отпад се одвиваше отежнато посебно поради блокирање на патот до градската депонија..

Се врши постојана поправка на целокупната механизација и опрема на КЈП „Водовод“, во рамките на можностите.

Редовните сервиси на возилата исто така се навремено извршени.
Навремено се предадени сите технички спецификации за јавни набавки поврзани со Секторот.

**Секторот ,,Градско зеленило и православни гробишта,,** во периодот од 01.10-31.12.2024 год. со своите вработени работеше на локацијата на спортскиот комплекс ,,Бавчалук,,. Се уредуваа зелените површини на сите три главни влезови на градот, средување на зелената вегетација на локалните патишта кон селата .

Комплетно одржување на зеленилото-тревници со косење, полевање вода, чистење, потоа дрворедите со редовно окопување, кастрење, наводнување со комплетната нивна форма низ градот, сите жардиниери во реката, по кејските ѕидови, во паркот , сите живи огради со редовно окопување, поткастрување и наводнување, сите булеварски и кејски цветни алеи како и гордоста на градот Кочанската река и алпиниумите се целосна и редовна работа на групата задолжена со градското зеленило.

Секторот ,,Градско зеленило и православни гробишта,, со своите вработени покажа одговорност, грижа и организираност, односно успех во работењето и големо разбирање и помош за сите работи од страна на управните органи на КЈП ,, Водовод,, Кочани.

Се уредуваа зелените површини на сите три главни влезови на градот, средување на зелената вегетација на локалните патишта кон с.Грдовци, с.Грдовци – Прибачево ,с.Грдовци - с.Мојанци ,с.Мојанци - с.Г.Подлог и Д.Подлог. По повод ,,Денови на оризот ,, во целост беа извшени сите активности за кои бевме одговорни(косење,метење и собирање на смет) во нас.Оризари каде беше организиран галавниот настан.Во периодот во кој се оржуваше ,,Градскиот Панаир,,навремено беше икосена и исчистена локацијата на кој се одржуваше. Во континует беа искастрени и доведени во добра состојба дрворедите во градот.

**Сектор „Геотерма“,** за периодот од четвртиот квартал, Октомври-Декември од 2024 година, имаме вкупно фактурирана геотермална вода од 35.548 $m^3$, кое споредено со истиот период од минатата 2023 година, имаме намалена количина за 29.980 $m^3$, односно 45.75% помалку.

Што се однесува до количините на реинектираната геотермална вода, во ова тромесечје имаме реинектирано 7.540 $m^3$ геотермална вода или 11.21% од вкупно експлоатираната

геотермална вода. Споредено со истото тромесечје од претходната година имаме намалено реинектирање за 299.47%.

Испратени се известувања до сите потенцијални корисници на геотермална вода за грејната сезона 2024-2025 година, а врз основа на нивните барања за приклучување и користење на геотермална вода, се подготвени и потпишани договорите за користење на геотермална вода.

Во овој период навремено се вршеше отчитување на водомерите кај потрошувачите, изготвување на записници за истото, а врз база на нив се изготвуваа и доставуваа фактурите за потрошена геотермална вода до потрошувачите.

Согласно обврските на КЈП "Водовод" како концесионер, навремено е подготвен и доставен кварталниот извештај за концесиски надоместок до Министерство за Економија на Република Северна Македонија – Сектор за минерални суровини, а се изготвуваат и месечните статистички извештаи, кои се испраќаат до Државен завод за статистика.

Подготвени се квартален и годишен извештај за работа на Сектор Геотерма.

Перманентно се следи и евидентира промената на статичкото ниво на аквиферот и врз основа на нашите анализи на крајот од ова тромесечје имаме раст на статичкото ниво за 2,16 m во однос на истиот период од минатата година.

Согласно правилникот за техничко водење и надзор при експлоатација на геотермална вода од геотермалниот систем "Геотерма", се води книга за техничко водење, која се пополнува секој месец.

Подготвена е новата цена за концесија.

Направен е годишен план за работа за Сектор Геотерма за 2025 година, и план за јавни набавки за Сектор Геотерма за 2025 година.

Превентивно се оддржуваше постоечката опрема и интервентно се решаваа сите технички проблеми, санација на градскиот цевковод кај монополски бавчи, ставање на репаратурни спојки на места каде што тече цевководот, заварување на резервоарот каде што протекуваше, интервенција од страна на ЦМЦ со ставање на нов протокомер на цевководот кон Оранжерии "Добра", интервенција на голема градска пумпа, интервенција врз протокомерот на цевководот кон Оранжерии "Агро-Треф", се со цел успешно функционирање на целиот систем.

## III.Остварени приходи и расходи за период од 01.01 до 31.12.2024 год.споредени со истиот период 2023 год.по сектори

### ПРИХОДИ

табела 3

| Ред. број | Работна единица | Година 2023 | Година 2024 | Коефициент 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | **134.384.760,34** | **156.003.563,78** | **1.16** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | **19.815.486,00** | **13.745.156,00** | **0.69** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | **52.116.327,33** | **57.310.001,80** | **1.10** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **9.644.426,45** | **7.793.889,04** | **0.81** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | **218.628,00**<br>**6.835.257,35**<br>**4.586.000,00** | **218.628,00**<br>**7.218.449,30**<br>**3.167.909,10** | **0.91** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | **1.186.558,00** | **605.919,00** | **0.51** |
| | **Вкупно** | **228.787.443,47** | **246.063.516,02** | **1.08** |

**РАСХОДИ**

Табела 4

| Ред. број | Работна единица | Година | | Коефициент 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2023 | 2024 | |
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 152.235.556,93 | 164.710.740,62 | 1.08 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 22.998.478,53 | 20.001.157,25 | 0.87 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 44.913.034,30 | 48.211.585,10 | 1.07 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | 14.707.226,07 | 15.797.436,04 | 1.07 |
| 5. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | 4.078.562,66<br>30.722.147,72<br>19.722.594,06 | 3.761.969,84<br>27.751.550,37<br>17.997.836,65 | 0.91 |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | 3.714.112,11 | 3.335.195,01 | 0.90 |
| | Вкупно | 293.091.712,38 | 301.567.470,88 | 1.03 |
| | Остварен резултат добивка /загуба | -64.304.268,91 | -55.503.954,86 | 0.86 |

Остварените деловни резултати кои се искажани за периодот од 01.01 до 31.12.2024 год. односно загуба во износ од **-55.503.954,86** ден. споредени со истиот период 2023 год. бележат намалување. Анализата на остварените приходи во извештајниот период укажува дека приходите споредени со истиот период од 2023 год. бележат зголемување за 8 % ,и расходите споредени со истиот период од 2023 год. бележат намалување за 14 % .

**Остварени финансиски резултати од работењето по сектори - добивка / загуба**

Табела 5

| Ред. број | Работна единица | Година | | Коефициент 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2023 | 2024 | |
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | -17.850.796,59 | -8.707.176,84 | 0.49 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | -3.182.992,53 | -6.256.001,25 | 1.97 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 7.203.293,03 | 9.098.416,70 | 1.26 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | -5.062.799,62 | -8.003.547,00 | 1.58 |
| 5. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | -3.859.934,66<br>-23.886.890,37<br>-15.136.594,06 | -3.543.341,84<br>-20.533.101,07<br>-14.829.927,55 | 1.33 |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | -2,527.554,11 | -2.729.276,01 | 1.08 |
| | Вкупно | -64.304.268,91 | -55.503.954,86 | 0.86 |

**Остварени финансиски резултати за период од 01.01 до 31.12.2024 год.со распоред на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој "**

Табела 6

| Ред. број | Работна единица | 2024 год. |
|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | -31.606.782,40 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | -14.999.487,01 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 1.187.643,87 |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **-10.085.329,32** |
| | **Вкупно** | **-55.503.954,86** |

Остварените финансиски резултати од деловното работење за извештајниот период од 01.01 до 31.12.2024 год.со распоредување на трошоците по утврдени критериуми за учество на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој ќе констатираме дека сите сектори: Сектор " Водовод и Канализација , Сектор "Геотерма " , и Сектор " Градско зеленило и гробишта " се со негативен финансиски резултат ,а Сектор " Комунална Хигиена " е со позитивен резултат.

**Структура на вкупните приходи по сектори остварени во периодот од 01.01 до 31.12.2024 год.**

**Табела 7**

| **Ред. број** | **Работна единица** | **Износ** | **Учество %** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Сектор "Водовод и Канализација "** | **156.003.563,78** | **63.40** |
| **2.** | **Сектор "Геотерма "** | **13.745.156,00** | **5.59** |
| **3.** | **Сектор "Комунална Хигиена "** | **57.310.001,80** | **23.29** |
| **4.** | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **7.793.889,04** | **3.17** |
| **5** | **Сектор "Менаџмент"** | **218.628,00** | **0.09** |
| **6.** | **Сектор "Финансиско и комерцијално работење"** | **7.218.449,30** | **2.93** |
| 7. | **Сектор "Општи и правни работи"** | **3.167.909,10** | **1.29** |
| 8. | **Сектор "ИТ и развој "** | **605.919,00** | **0.25** |
| | **Вкупно** | **246.063.516,02** | **100** |
| | **Планирани приходи за 2024 год.**<br>**307.579.015 : 4 квартала = 76.894.754 x 4 =** | **307.579.015,00** | **0.80** |

**Структура на вкупните расходи по РЕ остварени во периодот од 01.01 до 31.12.2024 год.**

**Табела 8**

| **Ред. број** | **Работна единица** | **Износ** | **Учество %** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Сектор "Водовод и Канализација "** | **164.710.740,62** | **54.62** |
| **2.** | **Сектор "Геотерма "** | **20.001.157,25** | **6.63** |
| **3.** | **Сектор "Комунална Хигиена "** | **48.211.585,10** | **15.99** |
| **4.** | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **15.797.436,04** | **5.24** |
| **5** | **Сектор "Менаџмент"** | **3.761.969,84** | **1.24** |
| **6.** | **Сектор "Финансиско и комерцијално работење"** | **27.751.550,37** | **9.20** |
| 7. | **Сектор "Општи и правни работи"** | **17.997.836,65** | **5.97** |
| 8. | **Сектор "ИТ и развој "** | **3.335.195,01** | **1.11** |
| | **Вкупно** | **301.567.470,88** | **100** |
| | **Планирани расходи за 2024 год.**<br>**370.579.693 : 4 квартала =92.644.923 x 4 =** | **370.579.693,00** | **0.81** |

**Тековни побарувања со состојба на ден 31.12.2024 год.**

**Табела 9**

| **Ред. број** | **Основ** | **Износ 31.12.2023 год.** | **Износ 31.12.2024 год.** | **Коефициент 31.12.2024/ 31.12.2023** |
|---|---|---|---|---|
| **А.** | **Побарувања по основ на стоки и услуги од фирми,граѓани и дуќани** | **263.928.012,92** | **269.839.935,00** | **1.02** |
| 1 | Побарувања од граѓани | 203.351.849,92 | 207.488.658,00 | 1.02 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Побарувања од дуќани | 5.978.359,00 | 5.849.678,00 | 0.92 |
| 3 | Побарувања од фирми | 54.597.804,00 | 56.501.599,00 | 1.03 |

Анализирајки ги тековните побарувања се констатира дека вкупните побарувања споредени со истиот период од 2023 год. се зголемени за 2 %,од кои кај дуќаните се намалени за 8 % , кај фирмите се зголемени за 3 %, а кај домаќинствата зголемени за 2 %.

### Обврски со состојба на ден 31.12.2024 год.

**Табела 10**

| Ред. број | Основ | Износ 31.12.2023 год. | Износ 31.12.2024 год. | Коефициент 31.12.2024/ 31.12.2023 |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **220- Обврски спрема добавувачи** | **106.668.531,00** | **161.492.037,00** | **1.51** |
| **2.** | **Обврски кои доспеват за 1 година** | 36.382.263,00 | **32.239.336,00** | |
| | **262002 - KFW банка** | 2.036.716,00 | 2.036.716,00 | |
| | **262003 - Фонд за води** | 2.580.382,00 | 2.027.455,00 | |
| | **262004 - ЕДС** | 31.765.165,00 | 28.175.165,00 | |
| **3.** | **Долгорочни обврски** | **30.919.390,00** | **28.514.036,00** | |
| | **284001 - Обврски за надомест за фонд за води** | 368.638,00 | 0,00 | |
| | **286001 - Долгорочни обврски врс основа на заеми,кредити-KFW банка** | 30.550.752,00 | 28.514.036,00 | |
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | | **170.970.184,00** | **222.245.409,00** | **1.30** |

Комуналното Јавно Претпријатие за период до 31.12.2024 год.ги има измирено сите обврски по основ на бруто плати и јавни давачки. Вкупните обврски споредени со истиот период од 2023 год. се зголемени за 30 % .

### Тековни залихи со состојба на ден 31.12.2024 год.

**Табела 11**

| Ред. број | Основ | Износ 31.12.2023 год. | Износ 31.12.2024 год. | Коефициент 31.12.2024/ 31.12.2023 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Залихи на репроматеријали - 310** | 9.829.771,03 | 8.253.981,41 | 0.84 |
| 2 | **Залихи на ситен инвентар - 350** | 1.882.613,07 | 1.873.710,51 | 0.99 |
| 3 | **Залихи на трговски стоки - 660** | 729.773,43 | 564.485,00 | 0.77 |
| 4 | **Залихи на стоки во продавница – 663** | 208.216,00 | 208.216,00 | 1.00 |
| | **Вкупно** | **12.650.373,53** | **10.900.392,92** | **0.86** |

Залихите на репроматеријали и инвентар во извештајниот период споредени со истиот од 2024 год. бележат намалување за 14% .

КЈП " Водовод " од деловното работење за период од 01.01 до 31.12.2024 год.оствари финансиски резултат односно загуба од **-55.503.954,86** денари.

**Изработил** **Директор**

______________________ ____________________